## II. ПРАВА И ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИТЕ СТРАНИ

### Член 2

*Обврски на Министерството:*

- од средствата обезбедени од Буџетот на Република Македонија, се обврзува да спроведе постапка за јавна набавка и да избере фирма која ќе ги реализира градежните активности за доградба на училишна фискултурна сала на Општинското основно училиште „Св. Кирил и Методиј", Општина Центар,
- да ја обезбеди потребната проектно-техничката документација и елаборати со комплетна ревизија;
- да поднесе барање за добивање на Одобрение за градба до Општината;
- да ја финансира доградбата на фискултурната сала;
- да обезбеди целосна опрема неопходна за одвивање на спортски активности;
- да врши исплата на надоместокот за приклучување на електричната енергија на свој трошок кој се обезбедува од Буџетот на Република Македонија.
- По запишување на објектот во Јавните книги со одлука на Влада на Република Македонија да го предаде објектот во сопственост на Општината.

### Член 3

*Општината се обврзува :*

- да му дозволи на изведувачот на објектот непречен пристап;
- да го ослободи Министерството од плаќање на надоместокот за уредување на градежно земјиште или самата да го уреди,
- навремено да ги спроведе административните работи согласно Закон за издавање на Одобрение за изградба на објектот;
- да го користи објектот исклучиво согласно неговата намена,
- тековно и инвестиционо да го одржува објектот.
- да изврши осигурување на објектот од сите видови штети и да достави копија од осигурителна полиса до Министерството;

## III. УСЛОВИ ЗА ПРЕКИНУВАЊЕ И РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

### Член 4

(1) Кога една од договорните страни нема да ја исполни својата обврска, другата договорна страна може да бара исполнување на обврските или да го раскине договорот, а во секој случај има право на надомест на штета.